РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13.07.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 4604 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **контролен**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско, услужно и производно друштво Агим Исламоски и др. ПРОФИ СОУНД увоз-извоз Лабуништа ЈТД - аналоген пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 10.07.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**5. Претходно изречена мерка:**

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-840 од 05.06.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-3805/1 од 04.06.2015 година.

Решението е уредно примено на 06.06.2015 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско, услужно и производно друштво Агим Исламоски и др. ПРОФИ СОУНД увоз-извоз Лабуништа ЈТД - аналоген пакет е констатирано прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**7. Опис на прекршувањето:**

Со надзорот беше констатирано дека овој оператор на подрачјето на с.Лабуништа во својот аналоген пакет ги реемитува програмските сервиси Vision Turk, а TV, KCN 1, Grand Narodna Televizija, Jaban TV, Euro D и Алсат М, коишто не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги.

**8. Предлог мерка:**

Поради тоа што операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско, услужно и производно друштво Агим Исламоски и др. ПРОФИ СОУНД увоз-извоз Лабуништа ЈТД продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменет, Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**